РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА
КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
Бр 01-835/1
09.11. 2022 година

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08,167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19), член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/19 и 12/20 ) и член 76 од Законот за класифицирани информации (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19) в.д. директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, донесе:

# П Р А В И Л Н И К

## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

Член 1

Со овој Правилник се вршат измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации бр. 01-283/1 од 19.08.2016 година, како и Правилниците за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата бр.01-283/7 од 29.09.2016 година, бр.01-70/2 од 31.01.2018 година, бр.188/1 од 20.03.2018 година, 01-188/4 од 16.05.2018 година, бр.01-186/2 од 13.03.2019 година, бр.01-186/6 од 22.04.2019 година, бр. 04-186/12 од 18.07.2019 година, бр. 01-186/16 од 06.12.2019 година, 01-294/3 од 09.12.2020 година, бр.01-8/1 од 05.01.2021 година, бр.01-559/1 од 28.05.2021 година, бр.01-311/1 од 08.04.2022 година и 01-631/1 од 31.08.2022 година.

Член 2

Во член 13 Сектор за општи и нормативно правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение за општи и нормативно – правни работи, кај работното место со **реден број 6** „Самостоен референт – архивар" со шифра УПР 0101 Г01 000 во полето „Број на извршители" **бројот 1 (еден) се заменува со бројот 3 (три).**

Член 3

Во член 13 Сектор за општи и нормативно правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение за вршење на инспекциски надзор на безбедност на класифицираните информации кај работното место со **реден број 11** „Советник инспектор за безбедност на класифицирани информации" со шифра УПР 0101 В01 000 во полето Вид на образование кај **зборовите** „правни науки, одбрана и безбедност" **се додаваат зборовите** „економски науки"

Член 4

Во член 13 Сектор за општи и нормативно правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение за вршење на инспекциски надзор на безбедност на класифицираните информации кај работното место со **реден број 11а** „Помлад инспектор за безбедност на класифицирани информации" со шифра УПР 0101 В04 000 во полето Вид на образование кај **зборовите** „правни науки, одбрана и безбедност" **се додаваат зборовите** „економски науки"

Член 5

Во член 13 Сектор за општи и нормативно правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение за вршење на инспекциски надзор на безбедност на класифицираните информации кај работното место со **реден број 11** „Советник инспектор за безбедност на класифицирани информации" во полето Други посебни услови – **зборовите** Поседување национален безбедносен сертификат со степен **„ДРЖАВНА ТАЈНА" се заменуваат со зборовите** Поседување национален безбедносен сертификат со степен **„СТРОГО ДОВЕРЛИВО".**

Член 6

Во член 13 Сектор за општи и нормативно правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение за вршење на инспекциски надзор на безбедност на класифицираните информации кај работното место со **реден број 11а** „Помлад инспектор за безбедност на класифицирани информации" во полето Други посебни услови – **зборовите** Поседување национален безбедносен сертификат со степен **„ДРЖАВНА ТАЈНА" се заменуваат со зборовите** Поседување национален безбедносен сертификат со степен **„СТРОГО ДОВЕРЛИВО".**

Член 7

Во член 13 Сектор за општи и нормативно правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение за вршење на инспекциски надзор на безбедност на класифицираните информации работното место со **реден број 13** Самостоен референт - Документарист со УПР 0101 Г01 000, 1 (еден) извршител - **се брише**.

Член 8

Во член 13 Сектор за општи и нормативно правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение за поддршка на работата на директорот и протокол, **по** работното место со **реден број 15** Советник за работи поврзани со органите на државната власт, други институции и организации со УПР 0101 В01 000, 1 (еден) извршител – **се додава работно место со реден број 15а Советник – преведувач од македонски на албански јазик и обратно со УПР 0101 В01 000 - В 1 стручен I ниво и гласи:**

| | |
|---|---|
| Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор | |
| Одделение за поддршка на работата на директорот и протокол | |
| Реден број | 15 а |
| Шифра | УПР 01 01 В01 000 |
| Ниво | В 1 , Стручен - I ниво |
| Звање | Советник |
| Назив на работното место | Советник – преведувач од македонски на албански јазик и обратно |
| Број на извршители | 1. |
| Одговара пред: | Раководителот на Одделението за поддршка на работата на директорот и протокол |
| Вид на образование | (безбедност, науки за книжевноста и одбрана) |
| Други посебни услови | Поседување на национален безбедносен сертификат со степен „ДОВЕРЛИВО"; |

| | |
|---|---|
| Работни цели: | Самостојно извршува работи кои се однесуваат на писмен превод на документи и материјали од македонски на албански јазик и обратно. |
| Работни задачи: | - самостојно врши превод на материјали што се доставуваат до други органи, организации и установи, а кои се преведуваат од македонски на албански јазик и обратно.<br>- самостојно врши превод на законските и подзаконските текстови кои се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија", а кои се преведуваат од македонски на албански јазик и обратно.<br>- самостојно врши превод на материјалите што се подготвуваат во рамките на Дирекцијата, а кои се за интерна употреба и за кои е потребен превод од македонски на албански јазик и обратно.<br>- самостојно врши превод на публикации, билтени и друга стручна литература што се создава во Дирекцијата, а кои потребно е да се преведат од македонски на албански јазик и обратно.<br>- самостојно врши ажуриран превод на WEB страницата на Дирекцијата од македонски на албански јазик.<br>- самостојно врши преведување на дописи, писма, претставки и др. кои до Дирекцијата се доставени од припадници на албанската заедница во Република Северна Македонија и во кои тие бараат одговор на албански јазик.<br>- исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно степенот на класификација „Доверливо";<br>- за својата работа одговара во рамките на своите овластувања; |

| | |
|---|---|
| | - За својата работа одговара непосредно пред раководителот на Одделението и одговара во рамките на своите овластувања |

Член 9

Во член 13 Сектор за општи и нормативно правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение за поддршка на работата на директорот и протокол, работното место со **реден број 16а** Самостоен референт - технички секретар на директорот со УПР 0101 Г01 000, 1 (еден) извршител – **се менува и гласи**:

| | |
|---|---|
| Сектор за општи и правни работи, за .поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор | |
| Одделение за поддршка на работата на директорот и протокол | |
| Реден број | 16 а |
| Шифра | УПР 01 01 Г01 000 |
| Ниво | Г 1 , Помошно-стручен I ниво |
| Звање | Самостоен референт |
| Назив на работното место | Самостоен референт – возач доставувач |
| Број на извршители | 2. |
| Одговара пред: | Раководителот на Одделението за поддршка на работата на директорот и протокол |
| Вид на образование | Вишо/средно образование (гимназиско или средно стручно образование) |
| Други посебни услови | Поседување на национален безбедносен сертификат со степен „СТРОГО ДОВЕРЛИВО"; |

| | |
|---|---|
| Работни цели: | Обезбедување навремен и безбеден превоз, навремено доставување на НАТО/ЕУ и други странски и национални класифицирани информации и други пратки од и до Дирекцијата.<br>Спроведување на пропишаните мерки за безбедност при превоз на лица и при пренос и доставување на класифицирани информации до крајните корисници.<br>Грижа и околу возниот парк на Дирекцијата. |
| Работни задачи: | - врши навремен и безбеден превоз и навремено доставување на НАТО/ЕУ и другите странски и национални класифицирани информации и други пратки од и до Дирекцијата;<br>- води помошна евиденција за доставата на НАТО/ЕУ и други странски и национални класифицирани информации го информира раководителот на Одделението за извршената работа;<br>- се грижи за спроведување на пропишаните мерки за безбедност при превоз на лица и при пренос и доставување на класифицираните информации до крајните корисници;<br>- ги спроведува инструкциите и налозите на раководителот на Секторот и на раководителот на Одделението кои се однесуваат на преносот и доставувањето на класифицираните информации;<br>- се грижи за одржување на моторното возило со кое работи;<br>- исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „Потребно е да знае"; |

| | |
|---|---|
| | - за својата работа одговара во рамките на своите овластувања;<br>- помага околу востановување и ажурирање на евиденција за исправноста, осигурувањето, регистрација и технички преглед на возилата, сервисирањето и употребата на возниот парк на Дирекцијата;<br>- Исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „Потребно е да знае";<br>- За својата работа одговара непосредно пред раководителот на Одделението и одговара во рамките на своите овластувања |

Член 10

Во член 13 Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации, Одделение за странски класифицирани информации:

Работното место со **реден број 22** Самостоен референт - за ЕУ класифицирани информации со УПР 0101 Г01 000, 1 (еден) извршител - **се брише.**

Член 11

Во член 13 Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации, Одделение за странски класифицирани информации:

Работното место со **реден број 23** Помлад референт - доставувач за НАТО/ЕУ класифицирани информации со УПР 0101 Г04 000, 1 (еден) извршител - **се брише**.

Член 12

Во член 13 Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации, Одделение за персонална безбедност, работното место со **реден број 27** Самостоен референт за безбедносни сертификати за физички лица со УПР 0101 Г01 000, 1 (еден) извршител - **се брише.**

Член 13

Во член 13 Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации, Одделение за персонална безбедност, работното место со **реден број 31** Самостоен референт за безбедносни сертификати за правни лица со УПР 0101 Г01 000, 1 (еден) извршител - **се брише.**

Член 14

Во член 13 Надвор од секторите, Одделение за управување и развој на човечки ресурси, кај работното место со **реден број 47** „Самостоен референт за персонална евиденција со шифра УПР 0101 Г01 000 во полето „Број на извршители" **бројот 1 (еден) се заменува со бројот 2 (два)**

Член 15

Во член 14 Регистар за НАТО и ЕУ класифицирани информации при мисиите на Република Македонија во НАТО и ЕУ, кај работното место со **реден број** 1 со шифра УПР 0101 Б04 000 раководител на Регистар за НАТО и ЕУ класифицирани информации при мисиите на РМ во НАТО и ЕУ во полето Звање на работното место **зборовите во заграда** „дипломатско звање советник" **се бришат.**

Во полето вид на образование **зборовите** „науки за книжевноста" **се заменуваат** со зборот „безбедност" и **се додаваат** зборовите „економски науки"

Член 16

Кај работното место со **реден број 2** со шифра УПР 0101 В01 000 советник за НАТО класифицирани информации во регистарот за НАТО/ЕУ класифицирани информации при мисиите на РМ во НАТО и ЕУ во полето Звање на работното место **зборовите во заграда** „дипломатско звање I, II или III секретар" **се бришат.**

Во полето вид на образование **се додава** зборот зборот „безбедност"

Член 17

Кај работното место со **реден број** 3 со шифра УПР 0101 В01 000 советник за ЕУ класифицирани информации во регистарот за НАТО/ЕУ класифицирани информации при мисиите на РМ во НАТО и ЕУ во полето Звање на работното место **зборовите во заграда** „дипломатско звање I, II или III секретар" **се бришат.**

Во полето вид на образование **зборовите** „науки за книжевноста" **се заменуваат** со зборот „безбедност" и **се додаваат** зборовите „економски науки"

Член 18

Кај работното место со **реден број 4** со шифра УПР 0101 В04 000 помлад соработник за дисеминација за НАТО и ЕУ класифицирани информации во полето Звање на работното место **зборовите во заграда** „дипломатско звање аташе или трет секретар" **се бришат.**

Во полето вид на образование **се додаваат** зборовите „економски науки"

Член 19

Во член 14 Регистар за НАТО и ЕУ класифицирани информации при мисиите на Република Македонија во НАТО и ЕУ, работното место со **реден број 5** со шифра УПР 0101 Г01 000 самостоен референт за НАТО класифицирани информации во регистарот за НАТО класифицирани информации при мисијата на РМ во НАТО **се брише**.

Член 20

Во член 14 Регистар за НАТО и ЕУ класифицирани информации при мисиите на Република Македонија во НАТО и ЕУ, Работното место со **реден број 6** со шифра УПР 0101 Г01 000 самостоен референт за ЕУ класифицирани информации во регистарот за ЕУ класифицирани информации при мисијата на РМ во ЕУ **се брише.**

Член 21

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат и измени и дополнувања и во табеларниот преглед наа работните места како составен дел на Правилникот

Член 22

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од страна на Министерството за информатичко општество и администрација и неговото објавување на огласната табла во Дирекцијата.

в.д. Директор
Стојан Славески